Архивски број: 0801-321/2
28.10.21 Година

Постапувајќи по предметот бр. 0801-321/1 од 13.10.2021 година, поднесен од страна на Иницијатива на [redacted]-Скопје, [redacted] од Скопје и [redacted] од Скопје, против [redacted] вработен во ЈЗУ СБ по Гинекологија и акушерство "Мајка Тереза "Чаир и ЈЗУ по Гинекологија и акушерство "Мајка Тереза "Чаир, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на РСМ бр.258 од 30.10.2020 година) го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК ЗА НЕПОВЕДУВАЊЕ ПОСТАПКА

**НЕ СЕ ПОВЕДУВА ПОСТАПКА** по поднесената претставка со архивски број 0801-321 од 13.10.2021, поднесена од Иницијатива [redacted]-Скопје, [redacted] од Скопје и [redacted] од Скопје против [redacted] вработен во ЈЗУ СБ по Гинекологија и акушерство "Мајка Тереза "Чаир и ЈЗУ по Гинекологија и акушерство "Мајка Тереза "Чаир за сторена дискриминација по основ на раса, боја на кожа, етничка припадност во областа на пристап до добра и услуги.

### Образложение

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 13.10.2021 беше поднесена претставка за дискриминација по основ на раса, боја на кожа и етничка припадност, заведена под број 0801-321/1.

Иницијатива на [redacted] Скопје на 16.07.20 до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесе претставка за истата работа, за што Комисијата согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација донесе Мислење со архивски број 0801-173 од 16.09.2021 во кое што не утврди дискриминација.

Во претставката со архивски број 0801-321 од 13.10.2021 подносителите наведуваат дека по втор пат ја поднесуваат претставката и како нова околност кои треба да се земат во предвид ги наведуваат дополнувањето на подносител на претставката, односно дека нова околност е тоа што [redacted], мајка на жртвата се јавува како подносителка на претставката.

Во Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник бр. 258/ 30.10.2020 година) членот 27 став 6 гласи дека: *„Комисијата носи **заклучок за непостапување или за неповедување** на постапката за претставката за која веќе*


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

*постапувала, а не се понудени нови факти и околности и за тоа го известува подносителот.“*

Заради веќе водена и завршена постапка за заштита од дискриминација за истата правна работа пред Комисијата и непонудени нови факти и докази од подносителите, Комисија за спречување и заштита од дискриминација, одлучи како во диспозитивот на овој заклучок.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседателка
Весна Бендевска

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Скопје

Доставено до:
1.Иницијатива на [redacted] 1000 Скопје
2.[redacted] и [redacted] 1000 Скопје
3.Архива на КСЗД


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk